Факултет за драмски уметности
Скопје

ул. Руѓер Бошковиќ 22
п.фах 134
тел. (02) 3061 188
фах. (02) 3061 256

ПОДГОТВИТЕЛЕН КУРС ПО АКТЕРСКА ИГРА

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**
**Скопје**

# ПОДГОТВИТЕЛЕН КУРС ПО АКТЕРСКА ИГРА

Курсот вклучува индивидуална работа со секој од кандидатите, како и колективна работа преку определени (избрани за оваа намена) вежби. Курсот треба да им помогне на кандидатите полесно и посигурно да го совладаат зададениот материјал за приемниот испит како и да ги упати во некои основни правила на сценскиот настап.

Кандидатите се упатуваат на тоа како да ја постигнат потребната самодоверба, како да ја совладаат тремата, како да се концентрираат пред самиот настап за што подобро да се изразат себе си и што поефектно да го искористат времето определено за секого од нив.

На овој курс би се работело и на нивните монолози во смисла на давање на некои основни насоки (анализа и разработка на монологот, битни прашања што треба да се одговорат во разработката на монологот и различните патишта во пристапот на совладување на текстот) со цел кандидатите сами да можат да се справат со материјалот што самите го одбрале. Во овој дел би се видела и отвореноста на кандидатите за соработка и нивната подготвеност за следење и дејствување по одредени инструкции од страна на професорот.

Сите кандидати би работеле заедно така што секој од нив би имал увид во она што го работат другите. Така тие би имале можност да се запознаат меѓусебно и да дејствуваат заедно, а професорот би имал можност да добие некакви првични сознанија за нивното чувство за колективност, партнерска игра и подготвеност за соработка.

• Водител на курсот: **вон. проф. м-р Зоја Бузалковска**, професор по Актерска игра на ФДУ.
* 7 дена.
* Почеток **16.06.2014 година, 17h** (Академска сцена на ФДУ)
* Број на посетители - ограничен.

**За дополнителни информации:**

**телефон: (02) 3061 188**
**факс: (02) 3061 256**
**e-mail: zoja_b@yahoo.com; fdu@ukim.edu.mk**